РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-2074/1
26.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **25.04.2024 година**.

Во рамки на овој извештај Ве известуваме за следното:

- Агенцијата покрена прекршочна постапка против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ-САРАЈ, Скопје врз основа на мониторинг над изборното медиумско претставување, каде е констатирано прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик. При известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, телевизијата во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите. Извештајот од надзорот над изборното медиумско претставување на ТВ Клан Мацедониа е достапен на веб станицата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го усвои Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Со измените и дополнувањата се појаснуваат одредбите за платеното политичко рекламирање, начинот на известување кај јавниот радиодифузен сервис и за бесплатното политичко претставување кај Собранискиот канал за вториот круг од Претседателските избори 2024.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**